СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-30/1
07.03.2019 г.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.15/05), ја

С В И К У В А М

**30-та** седница на Советот на Општината Битола за 14.03.2019 година (четврток) со почеток во 10,оо часот.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот, со предлог на следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2018 година.
2. Предлог-Завршна сметка на Општината Битола за 2018 година.
3. Годишен извештај на Општината Битола за 2018 година.
4. Одлука за примање донација-зимзелени садници на Општина Битола дадена од страна на Интерворкс ДООЕЛ Битола.
5. Одлука за давање овластување на ЈП „Комуналец“ Битола да склучува договори за терминско користење на фудбалското игралиште со вештачка трева „Павел Шатев“ Битола.
6. Одлука за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина Битола.
7. Одлука за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во Буџетот за 2019 година за преземање на мерки за заштита на животна средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општина Битола.
8. Одлука за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на претседател на Република Северна Македонија.
9. Одлука за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.
10. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација (КП бр. 16023/3).
11. Измени на Програмата за туризам за 2019 год.
12. Одлука за измена на Одлуката за давање согласност на проектот „Интеграција на Зелен транспорт во Градовите“ од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020.

13. Одлука за имплементација на проектот од Програмата за вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународна програма за соработка Интеррет Балкан Средоземје 2014-2020 “(Providing services for management of natural resources„ Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“.

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски